АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: | 14. 10. 2015 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 03 | 5874 | 1 | |

**До: д-р Зоран Трајчевски, директор**
**на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 29 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14 и 132/14), се доставува

**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН АДМИНИСТРАТИВЕН НАДЗОР**

1. **Вид надзор:** редовен

2. **Субјект на надзорот:** Друштво за услуги МЕДИА ПРИНТ МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје, издавач на магазините „ГТА", „Спорт бокс", „Теа модерна", „Направи сам" и „Играј", Друштво за издавачка дејност трговија и услуги КОЛОР МЕДИА ДОО Скопје, издавач на магазините „Убавина и здравје", „Испрати рецепт" и „Торти и колачи", Друштво за издавачка дејност,трговија и услуги ГЛОБАЛ МЕДИА ДООЕЛ увоз-извоз Скопје, издавач на магазините „Unique" и „Auto Focus", Друштво за реклама и издаваштво АМПТЕАМ ДООЕЛ експорт-импорт Скопје, издавач на магазинот „Авто плус", Друштво за издаваштво и информативна дејност од областа на земјоделството и руралниот развој ФФРМ МЕДИЈА ДООЕЛ Скопје, издавач на магазинот „Моја земја" и Друштво за трговија, услуги и издавачка дејност ЕУРО-МАК КОМПАНИ ДОО увоз-извоз Скопје, издавач на магазинот „Економија и бизнис", и тоа:

   **2.1.** изданијата за месец септември 2015 година на магазините „Спорт бокс" бр.8, „Авто плус" бр.254, „Моја земја" бр.117, „Направи сам" бр.13 и „Економија и бизнис" бр.207,

   **2.2.** изданијата за месец октомври 2015 година на магазините „ГТА" бр.56, „Убавина и здравје" бр.89, „Auto Focus" бр.97, „Играј" бр.15, „Unique" бр.70, „Испрати рецепт" бр.57 и „Теа модерна" бр.781 и

   **2.3.** изданието за октомври/ноември 2015 година на магазинот „Торти и колачи" бр.22.

3. **Датум на извршување на надзорот:** 14 октомври 2015 година

4. **Предмет на надзорот:**

Надзорот се врши со цел да се констатира дали издавачите на печатени медиуми ја исполнуваат обврската од член 12 став 1 од Законот за медиуми, според која *„издавачот на медиум е должен на видно место за секој поединечен носител на содржина (на пример примерок од печатен медиум и телевизиска емисија) да обезбеди објавување на следниве податоци: назив и адреса на седиштето и уредништвото на издавачот на медиум; име на одговорното лице на издавачот на медиум; име и презиме на одговорниот уредник, односно уредниците во согласност со внатрешната организација на уредништвото и назив и адреса на*

*печатницата и датумот на печатење или препечатување, како и бројот на печатени примероци, кога се работи за печатен медиум".*

**5. Констатации од надзорот:**

**5.1.** Со надзорот е констатирано дека сите издавачи на печатени медиуми кои беа предмет на надзорот **во целост ја исполнија обврската** од член 12 став 1 од Законот за медиуми.

***Сектор за стратешко планирање и авторски права***